**ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО И РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА 2023-2026**

**И**

**Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница во пост – КОВИД периодот на локално ниво 2023-2024**

## Општи податоци за состојбата на Ромската заедница во Северна Македонија

Во областа на здравството Ромите се соочуваат со многубројни проблеми. Високиот процент на долготрајни хронични заболувања придонесуваат и до забрзана и прерана смрт кај оваа популација на граѓани.

Анализите укажуваат дека во просек Ромите живеат 10 години пократок живот од општата популација. Краткиот животен век на Ромите е документиран во многу извештаи, при што од резултатите на државниот завод за статистика укажуваат дека 7% од Ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, додека 37% умира на годишна возраст од 45-64 години. Околу 49% умират на возраст од 65-84, при што само 7% доживува 85 години.

Доколку пак споредиме со старосна пензија само 45% од Ромите може да дочекаат старосна пензија додека кај Не-Ромите во просек процентот изнесува 75%.[1]

Значителен број на Роми имаат проблеми со пристап до здравствени услуги особено лицата кои не се идентификувани во системот, лицата кои немаат лични документи и немаат здравствено осигурување.

[1] Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

Последните официјални информации на Министерството за труд и социјална политика зборуваат за бројка од околу 700 лица кои немаат здравствено осигурување заради немање лична документација, но според невладините организации таа бројка е многу поголема.

Следните фактори влијаат на пристапот на Ромите до здравствени услуги:

Оддалеченоста на најблиската болница за 27% од Ромите изнесува два километра, а домовите на околу 12% од ромските домаќинства немаат пристап до асфалтен пат.[2]

Пристап до чиста вода за пиењ и одржување на лична хигиена, околу 10% од ромските домаќинства во земјаванемаат вода за пиење во внатрешноста на нивните домови, додека во 18% од домаќинствата немаат пристап до канализациски систем[3]

Лоши услови во кои живееат и ромски населби најчесто во близина на диви депонии

Недостиг на финансиски средства придонесе за неможноста за обезбедување на доволно продукти за лична хигиена

Недоволна информираност за вакцините и процесот на вакцинација

Според истражувањето на УНДП и Светска банка процентот на Роми кои се вклучени во неформална невработеност опаднал во периодот од 2011-2017 за 26 процентни поени, достигнувајќи 38%.

Според податоците од Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјална политика, во просек 25% од населението работи неформално. Најчеста форма на неформално вработување кај Ромите мажи е во трговија, такси услуги, како и градежништво и земјоделство, додека кај Ромките најчестата форма на вработување е во трговијата и хигиенските услуги. Врз сезонска работа се потпираат многу ромски семејства во летниот период за време на жетварската сезона. Околу 48% од ромските семејства се корисници на социјална помош[4].

Според податоците од социјалното мапирање од 2018, стапката на вработеност на Ромите изнесува 23%, скоро двојно помала од националниот просек, додека стапката на невработеност на Ромите е рекордно висока на 67%. Кај жените Ромки, стапката на вработеност изнесува 8%. [5]

За да се намали невработеноста, во рамки на оперативниот план за вработување, предвидени се мерки за работодавачите да охрабрат да вработуваат Роми или да развиваат сопствени бизниси, како и мерки за зголемување на вештините на невработените. Во просек, околу 3-4% од

---

[2]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[3]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[4]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[5]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

Ромите биле корисници на активните мерки за вработување во последните неколку години и иако апсолутниот број на корисници Роми се зголемува, релативниот удел на вкупниот број на корисници опфатени со активните мерки за вработување останува непроменет[6]

Проекциите на извештајот на УНИЦЕФ покажуваат дека во Северна Македонија процентот на деца кои живеат во домаќинства чиј животен стандард е значително под националниот просек, е зголемен од 27.8% пред пандемијата на 32.4% по пандемијата. Ова става 19.000 деца во Северна Македонија под релативната линија на сиромаштија што е повисоко споредбено на проценката од јули 2020-16.000 деца[7].

Реален системски проблем е и тоа што училиштата немаат систем за прибирање на податоци за социо-економскиот статус на децата Роми со што би се овозможило проценка на потребата за помош при пристап до соодветно образование.

Населбите каде што живеат Ромите во Република Северна Македонија 90% се неформални и не се опфатени со Детален Урбанистички План. Тоа со себе повлекува низа на комплексни проблеми како што се: несоодветните услови за живеење, лошата инфраструктура, немање пристап до фекална и атмосферска канализација, немање пристап до вода и електрична енергија.  Ромските семејства најчесто живеат во индивидуални домови, со поголем број на членови во семејството. Во текот на пандемијата таквите семејства имаа сериозни проблеми со простор за изолација и одржување на социјална дистанца кога имаа заболен член од семејството, одржување на соодветна хигиена и заштита.

Според Регионалниот извештај за Роми од 2017спроведен од УНДП за земјите од Западен Балкан, состојбата во делот на инфраструктурата во Република Северна Македонија е следна:

- 10% Роми немаат пристап до вода
- 16% Роми немаат пристап до јавна канализација
- 26% Роми немаат тоалети во домот
- 7% Роми немаат пристап до електрична енергија[8]

Дополнително како значителен проблем е истакнат проблемот со легализацијата на бесправно изградените домови кај ромската заедница, кое на долг рок креира сериозни последици за животот на ромските семејства.

Според досегашните анализи и податоците од социјалното мапирање, околу 28% од Ромите ги немаат легализирано своите живеалишта поради немање на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Дополнително,

[6]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[7]https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/not-all-children-are-accessing-vital-services-due-covid-19-pandemic-putting-them
[8]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

граѓаните кои поднеле барања за легализација на нивните објекти чекаат повеќе од 5 години одговор од надлежните институции за статусот на нивното барање.

Следствено, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец. Недостатокот на таков пристап ја прави заедницата маргинализирана, сиромашна и необразована, ограничена во сопствените населби (сегрегирани заедници).[9]

3% од ромските семејства во Северна Македонија немаат пристап до електрична енергија, додека пак 38% немаат пристап до интернет и 51% немаат компјутер. [10]

## Вовед, профил и идентификација на ромската заедница која живее на територијата на Општина Кичево

Делувањето на локално ниво е од клучно значење за ефикасно спроведување на политиките и програмите за вклучување на Ромите. Ова е нивото каде исклучувањето е највидливо и каде се потребни практични чекори за вклучување. Главен предизвик за ефикасно спроведување на политиките за инклузија на Ромите на европско и национално ниво е големата разлика во разбирањето, капацитетите и политичката посвете-ност на општинско ниво.

Со цел успешно вклучување на политиките за инклузија на Ромите во локалната агенда и буџети, од најголема важност е локалната администрација и институциите да го зголемат својот ангажман и посветеност и понатаму да ги развиваат своите капацитети.

Сепак, практикувањето на доброто управување и локалната демократија, исто така, ќе зависат и од инвестицијата во капацитетот на ранливите ромски заедници за да бидат активни учесници и рамноправни партнери во процесот, а не пасивни приматели и цел на патерналистички интервенции кои можат да ја потврдат нивната зависност и исклученост.

---

[9]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

[10]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

Ромската етничка заедница во Општина Кичево е во висок степен интегрирана и не живее во гето. Таа многу се разликува од останатата ромска етничка заедница во Република Северна Македонија и како таква има свои посебни специфики и потреби.

Кичевскиот регион се наоѓа во западниот дел на Република Македонија, сместен во Кичевската Котлина, која претставува јасно обликувана природна целина, опколена од сите страни со високи планини. Припаѓа на горното сливно подрачје на реката Треска, на северната страна допира до превојот Стража, на западната страна се издига планината Бистра, на јужната страна по долината на реката Треска се протега до Илинска Планина, а на источната страна допира со северниот дел на Порече. Поголема река освен реката Треска е Зајаска река која тече во градот меѓу Китино Кале и населбата Бичинци. Низ градот тече и една помала река позната како Сушица, која како што кажува и самото име е периодична, со непостојан тек во текот на летниот перод. Сигурно дека една од природните знаменитости на градот Кичево е реката Треска која претставува лева поголема притока на Вардар. Над Кичево се издигнува прекрасното ритче Крушино, богато со природа, чист воздух и зеленило кое претставува извонредно место за рекреација. Кичевското Кале е едно од обележјата на градот, а недалеку од Кичево се наоѓа и прочуениот Кичевски Манастир или Манастирот Пресвета Богородица.

Со новата територијална поделба од 1996 година Кичевскиот регион е поделен на 5 општини: Општина Кичево, Општина Другово, Општина Зајас, Општина Осломеј и Општина Вранештица.

| **Површина** | |
|---|---|
| • **Вкупна** | 838 км$^2$ (324 ми$^2$) |

Демографската структура на населението во Општина Кичево е мошне разновидна и интересна. Според пописот на населението во 2002 година Општина Кичево има 30.138 жители, односно се забележува пораст на населението од 9,42% во однос на претходната 1994 пописна година. Густината на населението изнесува 615,1 жител на 1 км$^2$, 60% од населението е автохтоно, а од доселените жители во местото на вообичаено живеење 6,5% од друго место на истата општина (миграција село-град), 86,9% доаѓаат од друга општина, а 6,6% се доселени од друга држава. Во периодот од 1994 до 2002 година настанале одредени промени во бројниот однос на населението според националната припадност. Меѓутоа и во едната и во другата пописна година преовладува бројот на македонското население, а пораснал и бројот на албанската население. Бројот на останатите етнички заедници е сличен во двете пописни години.

Во 2002 година македонското население брои 16,140 жители што претставува 53,6 % од вкупното население во општината. Во истата година албанското население брои 9202 жители или 30,5 % од вкупното население. Другите националности се помалку застапени. Турците бројат 2430

жители или 8,1 %, ромското население е застапено со 5,4 % односно бројка од 1630 жители, 76 лица се изјасниле како Власи односно тие се застапени со 0,3 %, бројот на Срби во општината изнесува 86 што претставува 0,3 %, како Бошњаци се изјасниле 7 лица, а на останатото население припаѓа бројка од 567 жители или 2,1 %.

Низ годините ова било вкупното население и етничка припадност на населението во градот Кичево:

*Податоци од Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2002:*

| Вкупнонаселение | Жени | Мажи | Писмени | Неписмени | Домаќинства | Станови | Просечен број на членови во домаќинството |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **67053** | **33015** | **34038** | **54103** | **2749** | **18286** | **22422** | **3.67** |

Резултати од пописот во 2021 г. Во Општина Кичево бројот на Роми изнесува :

| Број на Роми | 2002 | 2022 во % | 2021 | 2021 во % |
|---|---|---|---|---|
| Кичево | 1631 | 5,4% | 2063 | 3,6% |

Ромската етничка заедница е сконцентрирана во неколку населби и тоа : Календерица ( Душан Јовески, Цветко Јаковлески, Мехмед Мехмеди, Илија Цветкоски – Свештарот, Енгелсова ), Раштани - ( Партизански Одреди, С.Осој, Мексико, Влашки Пат, Солунска, 4 та – Албанска Бригада, ), Бела Кула – ( Пашино, Скопска, Маршал Тито, Крагуевачка, Струшка ), Бала Мало – ( Прилепска ) и др.

Според евиденцијата во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - Центар Кичево, заклучно со 31.06.2022 година вкупно се евидентирани 3579 лица активни баратели, од кои 1793 се мажи, а 1786 се жени. Од нив 309 лица се невработени Роми.

Во учебната 2021/2022 година во ОУ ,,Санде Штерјоски,, - Кичево се запишани 400 ученици Роми - основно образование.
Во учебната 2021/2022 година во ОСУ ,,Мирко Милески,, - Кичево се запишани 72 ученици Роми од кои 42 се женски, а 30 машки, кои посетуваат општа Гимназија и средно стручно Образование.

Во учебната 2021/2022 и до сега има запишано 4 студенти Роми, од кои два студенти се на Медицински Факултет, еден студент на Педагошки Факултет и еден на Царински Факултет.

Од вкупниот број на население на Роми во Општина Кичево како застапеност  во Локалните Институции, подрачни единици и центри  ги има во следнава бројка и тоа:

- Центар за Култура ,,Кочо Рацин,, - Кичево  ( 1 вработен ) – пол – Маж
- Центар за управување со кризи - Кичево  ( 2  вработени ) – пол – 1 Маж  и 1 Жена
- Центар за социјални работи ( преку РИЦ Програма – Информатор ) - Кичево  ( 1 вработен ) – пол – Маж
- Здравствен Дом - Кичево ( Здравствени Медијатори  - Министерство за Здравство ( 2 вработени преку програми  ) – пол – Жени
- Дирекција за Заштита и Спасување – подрачна единица  Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж
- Македонски Шуми - Кичево  ( 1 вработен ) – пол – Маж
- ЈП Комуналец – сезонски работници - Кичево  ( 17  вработени  ) – пол – Мажи
- МВР Сектор за Внатрешни Работи - Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж
- Министерство за Правда – Подрачна единица Кичево – Бесплатна Правна Помош – ( 1 вработен ) пол – Маж
- Здравствен Дом – Кичево – Медицинска Сестра ( 1 вработен ) пол – Жена
- фирми и претпријатија ( Џојсон Контролс – 156 вработени ) пол - Мажи 66  и Жени 90
- Министерство за Одбрана -  АРМ – Касарна Кичево – ( 2 вработени ) пол – Мажи
- ОУ “Санде Штерјоски Кичево,, - Наставник по одделенска Настава ( 1 вработен )  пол маж
- Министерство за Политички систем и односи со заедниците – Скопје ( 1 вработен ) пол – маж
- АД ЕЛЕМ – РЕК ОСЛОМЕЈ – подружница Кичево-  (11 вработени ) пол - мажи

Како документи кои се изработени (секоја година и се донесуваат на Совет на Општина Кичево) и кои индиректно ја таргетираат ромската заедница од страна на Општина Кичево се:

- Програма за одбележување на културни манифестации;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Кичево;
- Програма за јавни работи;
- Програма за превенција, заштита и спасување;
- Програма за социјална заштита на Општина Кичево;
- Програма за социјално домување на Роми во Кичево;

- Програма за Економска инклузија на младите ромки во општина Кичево;
- Пилотирање на програма за одговорно социјална поддршка - електрична енергија кон ЕВН и Комунални услуги;
- Програма за Социјалната заштита и заштитата на децата;
- Програма за социјална подршка еднократна помош на поплавените од речни бранови при елементарна непогода;
- Стратегија за соработка со граѓански организации.

## Важни податоци за Општината:

| Вкупен број на Роми жители на општината | Населби во кои живеат Ромите | Вработени Роми по институции | Број на деца Роми вклучени во градинки за последна учебна година 2021/2022 | Број на деца Роми запишани во основно училиште во последна учебна година 2021/2022 | Број на деца Роми запишани во средни училишта во последна учебна година 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1631 | Ромските маала на улиците ,,Маршал Тито, Скопска , Бела Кула , Пашино – ( Струшка, Крагуевачка ), Раштани – ( Партизански Одреди, Осој , Мексико) Влашки Пат, Прилепска.<br>Помалку распространети се на улиците : Душан Јовески, Енгелсова, Цветко Јаковлески, Мехмед Мехмеди, 11 –ти Септември, Љубица Богеска, 4-та Албанска Бригада,<br>Има и 5 семејства кои се сместени во социјална зграда и 4 семејства во објект на стара полиција какои неколку семејства во центарот на градот. | -Центар за Култура ,, Кочо Рацин,, - Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж<br>-Центар за управување со кризи ,, - Кичево ( 2 вработени ) – пол – 1 Маж и 1 Жена<br>-Центар за социјални работи ( преку РИЦ Програма – Информатор ) ,, - Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж<br>-Здравствен Дом - Кичево ( Здравствени Медијатори - Министерство за Здравство 2 вработени преку програми ) – пол – Жени<br>-Дирекција за Заштита и Спасување – подрачна единица Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж | Вкупно<br>7 | Вкупно<br>400 ученици | Вкупно<br>72 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Македонски Шуми ,, - Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж<br>-ЈП Комуналец – сезонски работници ,, - Кичево ( 17 вработени ) – пол – Мажи<br>-МВР Сектор за Внатрешни Работи ,, - Кичево ( 1 вработен ) – пол – Маж<br>-Министерство за Правда – Подрачна единица Кичево – Бесплатна Правна Помош – ( 1 вработен ) пол – Маж<br>-Здравствен Дом – Кичево – Медицинска Сестра ( 1 вработен ) пол – Жена<br>- фирми и претпријатија ( Џојсон Контролс – 156 вработени ) пол- Мажи 66 и Жени 90<br>-Министерство за Одбрана - АРМ – Касарна Кичево – ( 2 вработени ) пол – Мажи<br>-ОУ ..Санде Штерјоски Кичево ,, - Наставник по одделенска Настава * 1 вработен ) пол маж<br>-Министерство за Политички систем и односи со заедниците – Скопје ( 1 вработен ) пол – маж<br>-АД ЕЛЕМ – РЕК ОСЛОМЕЈ – подружница Кичево- (11 вработени ) пол - мажи | | | | | | |
| | | | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски |
| | | | 4 | 3 | / | / | 30 | 72 |

| | Вкупен број на членови | | | Вкупен број на млади |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | |
| Членови на Акциска Група на заедница | 18 | 11 | 7 | 4 |
| Членови на Институционална работна група | 12 | 7 | 5 | 3 |
| Членови на Општинска Работна група | 9 | 7 | 2 | 6 |

## Планирани цели и резултати на локалниот акциски план (ЛАП)

Урбанизам, домување, основни услуги

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Буџетска програма |
| 1 | Инфраструктура – завршување на асфалтирање на улиците каде живеат Роми во ул. Влашки Пат, Мексико, Партизански Одреди | Подобрени услови за живеење на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација и сузбивање на штетните услови за живеење | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | | Буџет на Општина Кичево | Реализирани проекти | Извештај на Општина Кичево |
| | Нова водоводна и Канализациона Мрежа во ул. Мексико | Обезбедување на водоводна и канализациона мрежа и подобфрување на генералното здравје и хигиена на населението | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | | Буџет на Општина Кичево | Воспоставена мрежа | Извештај на Општина Кичево |
| 3 | Улично Осветлување | Подобрени услови за живеење на ромските на селби преку изработка и спроведување на програми за интегрирана | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | | Буџет на Општина Кичево | Осветлени улици | Извештај на Општина Кичево |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | урбана регенерација | | | | | | | |
| 4 | Поставување на Лежечки Полицаеци во ул. Душан Јовески, Партизански Одреди, Пашино, Влашки Пат и др. | Подобрени услови за живеење на ромските населби преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Буџет на Општина Кичево | Број на реализирани проекти и на кои улици | Извештај на Општина Кичево |
| 5 | Комунални Дејности – Расчистување на Депонијата – Јавна Чистота | Подобрени услови за живеење на ромските населби преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичевои ЈКП | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Постоечка Програма и Буџет на ЈКП | Реализирани проекти | Извештај на Општина Кичево |

## Борба против дискриминација на Ромите

| | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска | Извор | Индикатор | Извор |

| Бр. | | | документи | | | проценка во МКД | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Учество во национална кампања за осуда на праксите за забрана на пристап на Ромите во јавни објекти/локали (базен, ресторан, кафе бар, итн.) | Подобрување на услови за живот и слободно движење на Ромите до сите јавни објекти/локали | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кичево | Септември 2022 – Јуни 2023<br>Септември 2023 – Јуни 2024 | | Во рамки на постоечка програма на Општината<br><br>Влада на Р.Северна Македонија | Слобода за движење на Ромите во сите јавни објекти/локали | Извештаи на Општина Кичево (периодични)<br><br>Извештаи од реализирани активности |

## Образование

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Буџетска програма |
| 1 | Образование – ( подобрување на Образованието на Ромите, доделување на стипендии за Роми од страна на Општина Кичево, Доделување на Лаптопи за ученици кои не се во можност да пратат и усовршуваат настава - Усовршување на образованието за возрасни преку скратени програми. | Подобрување и стекнување на образованието на Ромите преку активни мерки и програми | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Буџет на Општина Кичево/ Донација | Реализирани проекти | Извештај на Општина Кичево |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| 2 | Бесплатен школски Јавен Превоз за деца од предучилишна возраст и за учениците од основно и средно образование | Усовршување на редовноста и посетеноста во образовните институции преку стекнат јавен превоз како алатка за деца кои се од социјално загрозени семејства и живеат над 2 км одалеченост | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево и Локални училишта | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Буџет на Општина Кичево | Број на деца за кои е обезбен превоз / % на рдоова застапеност | Извештај Општина и училишта |
| 3 | Зголемување на бројот на дечиња во предучилишна установа за 5 % | Да се зголеми бројот на дечиња во предучилишна установа вклучени во проектот за инклузија на деца роми | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево и Локални градинки | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Во рамки на постоечка програма и Буџет | Број на вклучени деца / % на родова застапеност | Извештај на Општина и училишта |
| 4 | Обука за наставници ( основно и средно ) и негуватели | Да се одржат обуки за наставници и негуватели | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево и Локални училишта | Јануари 2023-Јуни 2024 | / | Во рамки на соработка со меѓународен проект | Број на реализирани обуки и Број на Вклучени наставници | Извештај на Општина и училишта |
| 5 | Информативни сесии за кариерно насочување | Со учениците кои завршуваат средно образование четврта година да се одржуваат инфо сесии за кариерно насочување | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Општина Кичево и Локални училишта | Јануари 2023-Јуни 2024 | | Во рамки на постоечка програма | Број на одржани сесии и број на вклучени ученици / % на родова застапеност | Извештај на Општина и училишта |

Култура

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Буџетска програма |
| 1 | Обезбедување на поддршка и средства за 8 ми Април – Меѓународниот ден на Ромите | Да се издвојат средства за 8 ми Април | Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | -Општина Кичево | Јануари 2023-Јуни 2024 | | Постоечка Програма и Буџет на Општина | Одржан настан | Извештај на Општина |

# Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница во пост – КОВИД периодот на локално ниво

# Општина Кичево

# Период на имплементација

# 2023-2024

**ноември 2022**

## 1. ВОВЕД И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТАНА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПОСЛЕ КОВИД 19

Откако беше прогласена пандемијата „Ковид-19“ во март 2020 година, многу процеси мораа да се прилагодат на новата реалност со воведување конкретни мерки и планови за закрепнување и рехабилитација од пандемијата. Ширењето на Ковид-19 предизвика непредвидени и далекусежни ефекти за целото општество, за национланите и локалните власти, бизнисите, а особено за обичните луѓе. Здравствената криза, заедно со тековните економски кризи, генерира висока сложеност, несигурност и непредвиливост во општествата, особено на локално ниво. Според тоа, неопходна е структурална реорганизација и развивање на по ефективни модели на интеграција и координација за евентуални слични кризни ситуации како на национално така и на локално ниво, особено со фокус на маргинализираните групи на граѓани.

Пред почетокот на пандемијата со КОВИД 19 интеграцијата на ромската заедница во Република Северна Македонија бележеше благ позитивен раст скоро во сите сфери на општественото живеење: образование, вработување, здравство, домување, борба против дискриминацијата, итн.

Со официјалното објавување на пандемијата со КОВИД 19, целиот систем беше пренасочен на кризата поради новата ситуација. Светската пандемија всушност ги помести општествените текови во целиот свет, па така и врз нашата држава.Последиците од оваа криза станаа се повидливи, а особеноврз невработените, социјално загрозените и најмаргинализираното население како што е ромското население. Кризата со КОВИД 19 потврди дека во вакви сериозни ситуации нема доволно простор за имплементирање на инклузивни мерки и интеграција кога станува збор за маргинализирани групи, во случајот ромската заедница.

Во текот на пандемијата Република Северна Македонија како држава имплементираше мерки за ублажување на последиците од пандемијата со КОВИД 19. Но, сепак голем дел од ромската заедница дури не ги исполнуваше условите за да можат да ги користат овие мерки како што е вклучувањето на децата Роми во предучилишно образование, соодветно следење на онлине наставата во основно и средно, лекување и здравствена заштита, добивање на интернет конекција/картички од државата, обезбедување на постојани приходи, одржување на хигиена и заштита од можна инфекција и заразување, пристап до вода и електрична енергија.Сето тоа ја продлабочи дискриминацијата кон оваа заедница во време на пандемијата со КОВИД 19 како и во периодот после КОВИД 19.

Особено проблемите од пандемијата со КОВИД 19 најмногу се почуствуваа на локално ниво. Општините и Единиците на локалните самоуправи беа посветени за решавање на проблемите во текот на пандемијата, но за жал поради ограничените ресурси и капацитетите, општините не можеа и се уште не можат да одговорат соодветно во такви кризни ситуации како што беше пандемијата со корона вирусот КОВИД 19.

Според анализата спроведена од Регионалниот Совет за Соработка (РСС) идентификувани се најкритичните проблеми со кои се соочи ромската заедница во време на пандемијата со КОВИД 19 како и последиците од истата во пост – Ковид периодот во следните области: образование, вработување, здравство и домуување.

Воведувањето на учењето на далечина или онлине образованието создаде сериозни проблеми за учениците Роми. Од една страна немањето на ИТ уреди, пристап до интернет, електрична енергија, како клучен проблем испитаниците се изјасниле дека им претставува проблем разбирањето и совладувањето на материјалот преку онлине учење наместо со физичко присуство. Податоците од истражувањето покажуваат дека значителен број на ученици имаат лоши образовни резултати поради влијанието на КОВИД 19. Анализата спроведена од РССистакнува дека 50% од родителите се изјасниле дека децата треба да се вратат во училиште. Како сериозна последица од КОВИД 19 е зголемувањето на осипаноста (откажување од образовниот процес). Сето тоа го зголемува и онака значителниот јаз во образованието помеѓу учениците Роми и не-Роми[11].

---

[11]Социо-економско влијание на КОВИД 19 врз Ромите во Западен Балкан, Извештај на Регионалниот Совет за соработка, декември 2021 (страна 51);

Првата најпогодена група за време на пандемијата беа децата Роми и нивното право на образование. Имено, 3% од ромските семејстав во Северна Македонија немаат пристап до електрична енергија, додека пак 38% немаат пристап до интернет и 51% немаат компјутер. [12]

Проекциите на извештајот на УНИЦЕФ покажуваат дека во Северна Македонија процентот на деца кои живеат во домаќинства чиј животен стандард е значително под националниот просек, е зголемен од 27.8% пред пандемијата на 32.4% по пандемијата. Ова ги става 19.000 деца во Северна Македонија под релативната линија на сиромаштија што е повисоко споредбено на проценката од јули 2020-16.000 деца[13].

Реален системски проблем е и тоа што училиштата немаат систем за прибирање на податоци за социо-економскиот статус на децата Роми со што би се овозможило проценка на потребата за помош при пристап до соодветно образование. Во областа на здравството покрај многубројните проблеми со кои Ромите генерално се соочуваат постојано, за време на пандемијата стана уште позиразено немањето на пристап до здравствените услуги од повеќе причини меѓу кои:

- Оддалеченоста на најблиската болница за 27% од Ромите изнесува два километра,а домовите на околу 12% од ромските домаќинства немаат пристап до асфалтен пат[14]
- Пристап до чиста вода за пиење и одржување на лична хигиена, околу 10% од ромските домаќинства во земјаванемаат вода за пиење во внатрешноста на нивните домови, додека во 18% од домаќинствата немаат пристап до канализациски систем[15]
- Лоши услови во кои живееаат и ромски населби најчесто во близина на диви депонии
- Недостиг на финансиски средства придонесе за неможноста за обезбедување на доволно продукти за лична хигиена
- Недоволна информираност за вакцините и процесот на вакцинација

Според истражувањето на УНДП и Светска банка процентот на Роми кои се вклучени во неформална невработеност опаднал во периодот од 2011-2017 за 26 процентни поени, достигнувајќи 38%. Според податоците од Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјална политика, во просек 25% од населението работи неформално. Најчеста форма на неформално вработување кај Ромите мажи е во трговија, такси услуги, како и градежништво и земјоделство, додека кај Ромките најчестата форма на вработување е во трговијата и хигиенските услуги. Врз сезонска работа се потпираат многу ромски семејства во летниот период за време на жетварската сезона. Околу 48% од ромските семејства се корисници на социјална помош[16].

---

[12]ПредизвицитезаРомитезавременакризатапредизвиканаод КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[13]https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/not-all-children-are-accessing-vital-services-due-covid-19-pandemic-putting-them
[14]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[15]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[16]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

Според податоците од социјалното мапирање од 2018, стапката на вработеност на Ромите изнесува 23%, скоро двојно помала од националниот просек, додека стапката на невработеност на Ромите е рекордно висока на 67%. Кај жените Ромки, стапката на вработеност изнесува 8%. [17]

Ромите, особено жената Ромка долго време се силно погодени од невработеноста. Избувнувањето на коронавирусот само ги влоши работите. Многу од ромските семејства кои работеа неформално или сезонска работа, ги загубија своите работни места поради мерките и ограничувањата за движење. Анализите потврдуваат дека поради пандемијата платите се намалени и дури 61% од испитаниците се загрижени дека може да ја загубат работата во следните 12 месеци, како последица од кризата со КОВИД 19[18].

Влијанието на Корона кризата особено се одрази на пазарот на труд, како во формалниот така и во неформалниот сектор каде што во услови на намалена побарувачка и понуда, домашната економија (реалниот сектор) се соочи со бројни предизвици. Ковид19 пандемијата имаше големо влијание и врз ромската заедница и тоа: голем број на Роми коишто беа формално вработени беа отпуштени или пак работеа со половина работно време, голем број на Роми претприемачи ги затворија своите фирми, неформалните пазарџии не беа во можност да продаваат поради бројните рестрикции, значителен дел од Ромите кои беа ангажирани како хигиеничари запреа со своите активности, додека неформалните собирачи на секундарни суровини се соочија со намалени откупни цени, но и неможност да ги продадат своите суровини. Ваквата состојба несомнено придонесе кон зголемување на невработеноста кај Ромската заедница, но особено се одрази и кон зголемување на ризикот од сиромаштија.[19]

За да се намали невработеноста, во рамки на оперативниот план за вработување, предвидени се мерки за работодавачите да охрабрат да вработуваат Роми или да развиваат сопствени бизниси, како и мерки за зголемување на вештините на невработените. Во просек, околу 3-4% од Ромите биле корисници на активните мерки за вработување во последните неколку години и иако апсолутниот број на корисници Роми се зголемува, релативниот удел на вкупниот број на корисници опфатени со активните мерки за вработување останува непроменет[20]Од многу причини, Ромите се соочуваат со поголеми ризици од заразување на вирус, инфекција или било кое друго заболување слично на КОВИД 19, но и од развој на здравствени компликации. Високиот процент на долготреајни хронични заболувања придонесуваат и до забрзана и прерана смрт кај оваа популација на граѓани. Анализите укажуваат дека во просек Ромите живеат 10 години пократок живот од општата популација. Краткиот животен век на Ромите е документиран во многу извештаи, при што од резултатите на државниот завод за статистика укажуваат дека 7% од Ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, додека 37% умира на годишна возраст од 45-64 години. Околу 49% умираат на возраст од 65-84, при што само 7% доживува 85 години. Доколку пак споредиме со старосна пензија само 45% од Ромите може да дочекаат старосна пензија додека кај Не-Ромите во просек процентот изнесува 75%. [21]И пред пандемијата со КОВИД 19 значителен број на Роми имаат проблеми со пристап

[17]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[18]Социо-економско влијание на КОВИД 19 врз Ромите во Западен Балкан, Извештај на Регионалниот Совет за соработка, декември 2021 (страна 52-53);
[19]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[20]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[21] Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

до здравствени услуги особено лицата кои не се идентификувани во системот, лицата кои немаат лични документи и немаат здравствено осигурување. Последните официјални информации на Министерството за труд и социјална политика зборуваат за бројка од околу 700 лица кои немаат здравствено осигурување заради немање лична документација, но според невладините организации таа бројка е многу поголема. Поради тоа, Ромите во Република Северна Македонија се изложени на ризик кој со пандемијата се зголеми уште повеќе. Што се однесува за времето на пандемијата според одредени анализи идентификувани се дополнително проблеми како што се: немањето на соодветен и доволен пристап до заштитни средства и средства за дезинфекција, несоодветен пристап до информации како и проблеми со емоционалното, менталното и физичкото здравје како влијание од рестрикциите во текот на пандемијата[22].

Населбите каде што живеат Ромите во Република Северна Македонија 90% се неформални и не се опфатени со Детален Урбанистички План. Тоа со себе повлекува низа на комплексни проблеми како што се: несоодветните услови за живеење, лошата инфраструктура, немање пристап до фекална и атмосферска канализација, немање пристап до вода и електрична енергија. Ромските семејства најчесто живеат во индивидуални домови, со поголем број на членови во семејството. Во текот на пандемијата таквите семејства имаа сериозни проблеми со простор за изолација и одржување на социјална дистанца кога имаа заболен член од семејството, одржување на соодветна хигиена и заштита.

Според Регионалниот извештај за Роми од 2017спроведен од УНДП за земјите од Западен Балкан, состојбата во делот на инфраструктурата во Република Северна Македонија е следна:

- 10% Роми немаат пристап до вода
- 16% Роми немаат пристап до јавна канализација
- 26% Роми немаат тоалети во домот
- 7% Роми немаат пристап до електрична енергија [23]

Иако овие проблеми не се директна последица од пандемијата со КОВИД 19, но претставуваат основни услови за одржување на соодветна хигена и заштита со цел спречување на ширење на заболување или инфекции како КОВИД 19. Дополнително како значителен проблем е истакнат проблемот со легализацијата на бесправно изградените домови кај ромската заедница, кое на долг рок креира сериозни последици за животот на ромските семејства.

Според досегашните анализи и податоците од социјалното мапирање, околу 28% од Ромите ги немаат легализирано своите живеалишта поради немање на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Дополнително,

---

[22]Социо-економско влијание на КОВИД 19 врз Ромите во Западен Балка, Извештај на Регионалниот Совет за соработка, декември 2021 (страна 54);
[23]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

граѓаните кои поднеле барања за легализација на нивните објекти чекаат повеќе од 5 години одговор од надлежните институции за статусот на нивното барање.

Следствено, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец. Недостатокот на таков пристап ја прави заедницата маргинализирана, сиромашна и необразована, ограничена во сопствените населби (сегрегирани заедници).[24]

Според извештајот на Обединетите Нации за Република Северна Македонија КОВИД 19 има значително влијание врз интеграцијата и инклузијата на ромската заедница. Во извештајот се споменува дека „Ромите како заедница во време на пандемијата со КОВИД 19 останаа многу назад во споредба со другите, се соочуваат со исклучително тежок пристап до основна хигиена и егзистенцијални потреби и речиси никаква можност децата Роми да продолжат соодветно со образованието“. [25]

Според Водичот на Комитетот на Министри на Советот на Европа за поддршка на еднаквоста и заштита од дискриминација и омраза за време на пандемијата Ковид-19 и слични кризи во иднина, дадени се препораки до државите како да го поддржат процесот на опоравување особено за најмаргинализираните групи на граѓани како што е ромската заедница.

Според препораките од Комитетот на Министри на Советот на Европа се препорачува на Локалните самоуправи дека треба да преземат активни мерки за социјални услуги поврзани со кризи, како што се бенефиции за домување, здравје и вработување, и да обезбедат тие да допрат до членовите на ранливите групи ***(препорака 6)***. Од друга страна Комитетот на Министри препорачува собирање на сегрегирани податоци кои се однесуваат на бројот и состојбата на лицата кои припаѓаат на различни малцински и обесправени групи, со цел да се обезбеди основа за утврдување на влијанието на пандемијата во однос на дискриминацијата и еднаквоста ***(препорака 7)***. Особено е важно што Комитетот препорачува да се обезбеди соодветен пристап до редовни здравствени услуги за Ромите и другите ранливи групи, како за нивна корист така и за подобра контрола на ширењето на вирусот ***(препорака 10)***. Во однос на санитарните услови и условите за живеење Комитетот препорачува дека треба да се подобрат условите за живеење во ромските населби со да се спречи ширењето на вируси, вклучително и обезбедување свежа проточна вода и капацитети за отстранување на отпадот***(препорака 11)***. Во врска со образованието се препорачува образовните стратегии за континуирано учење за сите деца треба да вклучуваат консултации со членовите на ранливите заедници, малцинствата. Треба да се воведат и мерки за премостување на дигиталниот јаз во префрлањето на on-line решенија за континуитет во образованието, како што е дополнителна и приспособена поддршка за учениците од обесправените и малцинските заедници ***(препорака 12)***. Надоместоците за невработени треба да бидат достапни за да се опфатат и оние кои работат во неформалната економија и сезонските работници. Треба да им се обезбеди помош на ранливите групи за тоа како да аплицираат за бенефиции. Треба да се воведат санкции за непочитување на стандардите за здравје и безбедност при работа

---

[24]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[25]КОВИД 19 – Рамка за одговор за Северна Македонија, Извештај на Обединетите Нации;

за да се спречи експлоатација на работниците од ранливите групи***(препорака 13)***. Во однос на обезбедување на високо ниво на почитување на различностите во кризни времиња Комитетот на Министри на Советот на Европа укажува дека слабостите во справувањето со различноста ги прават државите поранливи во ефикасното реагирање на пандемија како што е Ковид-19. Антидискриминацијата, различноста и вклученоста треба да бидат клучни стратешки приоритети за подобри резултати во управувањето со кризи и кризни ситуации во иднина ***(препорака 16)***[26].

Со оглед на погоренаведените анализи и препораки се потврдува дека ромската заедница како најмаргинализирана заедница е најзасегната од влијанието на КОВИД 19. Согласно тоа, а со цел закрепнување од социо-економското влијание на КОВИД-19 пандемијата врз ромската заедница,општината се залага да изнајде начин системски, структурно, да обезбеди поддршка за рехабилитација и опоравување на ромската заедница од долгорочните проблеми кои дополнително се влошија како последица на КОВИД 19.

За таа цел заедничката програма на Советот на Европа и на Европската Унија РОМАКТЕД 2 ја поддржуваопштината да развиеАкциски план за намалување на последиците предизвикани од КОВИД 19 врз ромската заедница.

## 2. ПРОЦЕС НА РАЗВИВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Со цел соодветно утврдување на клучните проблеми кои се последица и влијание од КОВИД 19 кризата врз ромската заедница, беа спроведени консултативни средби со претставници на 15 општини, учесници на институционалните групи формирани во рамките на РОМАКТЕД програмата и претставници на заедницата.

За првата фаза беа развиени два прашалници. Едниот прашалник беше наменет за претставниците на општините и локалните институции, додека вториот прашалник за претставници од ромската заедница. Целта на прашалниците беше да се идентифкуваат клучните проблеми кои се појавиле како последица од КОВИД 19 врз ромската заедница како и мерки и активности кои се превземени од страна на локалната власт и други организации за помош на ромската заедница во текот на пандемијата. Со прашалниците беа опфатени вкупно 30испитаници (еден прашалник по општиназа администрацијата и еден за претставникот на заедницата во соработка со фацилитаторот).

Втората фаза се состоеше од фокус групи со претставници на институционалните групи формирани од РОМАКТЕД програмата во 15 општини како и фасилитаторите ангажирани во рамките на програмата. Целта на овие фокус групи беше да се разговара подетално со претставниците на општините и локалните институции во однос на проблемите предизвикани од КОВИД 19 како и изнаоѓање и дефинирање на решенија кои ќе помогнат на ромската заедница да ги надмине проблемите кои ги наследија од пандемијата. Со фокус групите беа опфатени околу 30 учесници.

---

[26]Водич на Комитетот на Министри на Советот на Европа за поддршка на еднаквоста и заштита од дискриминација и омраза за време на пандемијата Ковид-19 и слични кризи во иднина.

Врз основа на наодите и препораките се изработи овој акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 врз ромската заедница.

Целта на овој акциски план е да се помогне на општината да развиесоодветна стратегија/акциски план со кој ќе може да се помогне на ромската заедница да ги надминат проблемите предизвикани од КОВИД 19 а кои се уште ги живеат како последица од кризата. Од друга страна, овој процес ќе и помогне на општината соодветно да ги зајакне своите капацитети за стратешко планирање и менаџирање на евентуални слични кризи и природни непогоди, и соодветно да планираат мерки за поддршка на најранливите категории на граѓаниосвен вокризни ситуации и секојдневно со проблемите со кои се соочуваат како припадници на маргинализирана група.

Овој процес е поддржан од РОМАКТЕД 2 програмата која е заедничка програма на Совет на Европа и Европската Унија, а е имплементирана од страна Советот на Европа во соработка со Институтот за истражување и анализи Ромалитико.

Советот на Европа и Европската Комисија преку РОМАКТЕД 2 програмата ќе им помогнат на општините преку мали грантови да спроведат дел од активностите планирани во овој акциски план и да помогнат во директно решавање на проблеми со кои се соочуваат Ромите како последица од КОВИД 19.

Со тоа, општината се обврзува да го усвои овој акциски плансогласно потпишаниот Меморандум за соработка како посебен акциски план или во рамки на друг акциски план на локално ниво и да обезбеди соодветна буџетска рамка за имплементација на активностите кои се предвидени во самиот акциски план, користејќи сопствени буџетски средства, средства од РОМАКТЕД 2 програмата и средства од други донатори.

Овој акциски план ќе се спроведува во периодот од  Јануари 2023 до Јуни 2024 година.

**Во случај на појава на повторна криза со КОВИД или друга слична криза за време на имплементацијата на акцискиот план, постои можност за промена на активностите во итни акции согласно реалните потреби на терен на Ромското население како обезбедување на хигиенски пакети, пакети со лекови, вакцинација и слично, со претходна согласност на донаторот и Советот на општината.**

| |
|---|
| **Главна цел: Придонес кон надминување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница во општина Кичево**<br><br>**Специфична цел: Спроведување на соодветни мерки за подобрување на состојбата кај ромската заедница како одговор на последиците од КОВИД 19 во образованието и вработувањето** |

| Б р. | Мерка / Активност Measure/ Activity | Излезни резултати / Outputs | Исход / Outcomes | Врска со други стратешки документи Connection with other strategic documents | Надлежни институции и Responsible Institutions | Временска рамка (од- до) Timeline | Буџет/ Budget | | Мониторирање/Евалуација Monitoring/Evaluation | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Буџетска проценка во МКД Budget Estimation in MKD | Извор Source | Појдовни податоци / Baseline Data | Индикатор Indicator | Извор Source |
| 1 | Комплетирање на четврти степен формално средно образование кај 3 возрасни Роми и нивно вработување во локални фирми | -Вклучени возрасни Роми во програма за дообразование<br>- Спроведена програма за дообразование<br>- Доделени дипломи за комплетирани средно образование<br>-Решение/договори за вработување на возрасни Роми | -Зголемен број на возрасни Роми со комплетирано образование<br>-Зголемен број на вработени возрасни Роми кои биле долгорочно невработени<br>-Подобрена социо-економската состојба на 3 семејства во пост КОВИД | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина | Јануари 2023- Јуни 2024 | 122.850,00 | РОМАКТЕД Програма | 3,26% Роми завршиле основно образование во учебната 2019/2020 (Извор: Државен завод за статистика)<br><br>8,7% Роми завршиле нецелосно средно образование (со три години) за учебната 2019/2020 додека пак 1,2% завршиле средно обраозвание со четири години целосно за учебната | - 3 возрасни Роми со завршено средно од кои 1 да биде жена образование<br>- -Вработени 3 возрасни Роми од кои 1 да биде жена | Извештај од АВРСМ |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | периодот | | | | | | 2019/2020 (Извор:Државен завод за статстика)<br><br>67% невработени Роми (извор: Стратегија за Роми 2022-2030) | | |
| 2 | Спроведување на туторска настава за најслабите 30 ученици Роми кои се вклучени во 2, 3 и 4 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех како последица од КОВИД 19 | - Јавен повик за ангажирање на тутори<br>- Листа на идентификувани ученици со слаб успех<br>- Равиена туторска програма<br>- Број на реализирани туторски часови | Подобрени образовни перформанси кај учениците Роми | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина и локални основни училишта | Јануари 2023-Јуни 2024 | 275.940,00 | РОМАКТЕД Програма | Нема соодветни податоци за негативните ефекти од пандемијата врз квалитетот на образование. Согласно последното истражување на УНИЦЕФ во земјата 77% од наставниците изјавиле дека не биле во можност да контактираат со некои од своите ученици во одреден момент од учебната година во 2020 година додека пак во 2021 година тој процент е | - Број на вклучени деца во туторската настава од кои 50% да бидат девојчиња<br>- ангажирани 5 тутори за спроведување на туторската настава<br>- Број на реализирани туторски часови<br>- Најмалку 65% од учениците го зголемиле нивниот успех | - Договори за ангажирани тутори<br>- Извештај од основните училишта за реализација на туторската настава<br>- Свидетелства од учениците<br><br>Слики од настани |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | намален на 63%. | | |
| 3 | Организирање на информативни и консултативни средби со млади и возрасни невработени Роми со локални работодавачи/бизниси агенција за вработување за информирање за можностите за вработување на локално ниво како и потребни квалификации за да можат соодветно да се вработат во постоечките бизниси и стопанство на локално ниво | - организирани информативни и консултативни средби со млади и возрасни Роми со работадавачите<br>- Изготвеаа листа на фирми вклучени во процесот<br>Развиена дата база на заинтересирани млади и возрасни Роми за нивно вработување | -Зголемена информираност на ромската заедница за можностите за вработување на локално ниво<br>Зголемена стапката на вработеност на возрасни и млади Роми на локално ниво | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општината, работодавачи и бизнис компании и Ромски НВОи | Јануари 2023-Јуни 2024 | 189.000,00 | Донација или во рамки на постоечка програма | Нема програма за редовно информирање на младите и невработени Роми и нивно кариерно насочување | - Број на реализирани средби<br>- Број на присутни млади и возрасни Роми од кои 50% да бидат жени<br>- Број на фирми заинтересирани за да го поддржат вработување на Ромите на локално ниво | - Листи на присутни<br>- Записници од средби<br>- Слики од средби |
| 4 | Вработување на 5 млади и возрасни невработени Роми во приватни компании на локално ниво на најмалку една година | - Вработени 5 млади и возрасни Роми | -Зголемен степенот на вработеност на Ромската заедница на локално ниво<br>-Подобрена социо-економската состојба на ромската заедница во пост | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општината и Центарот за вработување | Јануари 2023-Јуни 2024 | 1.553.580,00 | Во рамки на Буџет на приватните компании | Нема разделени податоци за вработување на млади Роми на локално ниво | - Број на вработени лица од кои соодветен % да бидат жени | - Договори за вработување лица од ромската заедница на најмалку една година |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ковид периодот | | | | | | | | |
| 5 | Вклучување на 10 млади и возрасни невработени Роми преку активните мерки за вработување и нивна инклузија на пазарот на трудот | - 10 млади и возрасни Роми вклучени во активните мерки за вработување<br>- Подобрени вештините и квалификациите<br>- Вработени млади и возрасни Роми кои успешно ја завршиле програмата | -Зголемена конкурентност на пазарот на трудот кај Ромската популација;<br>- Зголемен степенот на вработеност на Ромската заедница на локално ниво<br>-Подобрена социо-економската состојба на ромската заедница во пост Ковид периодот | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општината и Центарот за вработување | Јануари 2023-Јуни 2024 | 3.024.000,00 | Во рамки на одобрен Буџет на АВРСМ за имплементација на Оперативен план за вработување за 2023 година | 4% Роми се корисници на активните мерки за вработување во последните неколку години (Извор: Национална Стратегија за инклузија на Роми 2022-2030) | - Број на млади Роми вклучени во активните мерки за враотување од кои 50% да бидат жени<br>- 70% од вклучените ги зголемиле нивните вештини и кфалификации<br>- Вработени 50% од нладите и возрасните Роми кои учествувале во програмата | - Договори за практиканство за 10 млади Роми Решение/договор за вработување за 5 млади Роми во приватни фирми на најмалку 6 месеци |
| 6 | Организирање на тренинзи за 120 млади Роми за јакнење на нивните вештини за активно барање на работа (ЦВ, интервју, мотивациско писмо) и да бидат поконкурентни на пазарот на трудот | - Развиена програма за тренинг<br>-Листа на идентификувани млади Роми<br>-Спроведени тренинзи млади Роми на локално ниво<br>-Најмалку 70% од учесниците ги зголемиле нивните вештини и знаења за активно барање на работа<br>- | -<br><br>Зголемени вештините и знаењата за активно барање на работа кај младите Роми<br>-Подобрени можност за конкуренност на пазарот на | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина | Јануари 2023-Јуни 2024 | 151.200,00 | Донација | Нема разделени податоци за учество на млади Роми за слични обуки | - Број на идентификувани млади<br>- Број на вклучени млади<br>- Број на реализирани тренинзи<br>Број на учесници кои го подобриле нивните вештини и знаење<br>Број на | - Листи на присутни<br>- Записници од средби<br>- Слики |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | трудот кај младите Роми | | | | | | | вклучени жени во програмата (минимум 50%) | |
| 7 | Обезбедување на редовни бесплатни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје како резултат на КОВИД 19 | - Идентификувани социјално загрозени семејства<br>- Спроведени редовни бесплатни прегледи<br>- Најмалку 80% од семејствата добиле навремена превентивна заштита и советување | -<br>Подобрена здравствена состојба кај ромската заедница преку превентивни прегледи на локално ниво | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општината и Здравствениот дом | Јануари 2023-Јуни 2024 | 94.500,00 | Во рамки на постоечки програми на Министерство за здравство за обезбедување на бесплатни прегледи | Во рамки на Министерство за здравство има посебни програми кои обезбедуваат бесплатна здравствена заштита со посебен таргет на Ромите и жените Ромки како на пример бесплатни ПАП тестови кај гинеколог.<br>21% од жените Ромки не посетуваат гинеколог за време на бременост (извор: РОМАКТЕД Извештај за активност за КОВИД 2021) | - Број на посетени семејства<br>- Број на спроведени бесплатни прегледи<br>- Број на семејства кои добиле соодветна навреме на превентивна заштита<br>- Број на жени кои добиле соодветен преглед | Извештаи од здравствениот дом и општината<br>Листа на посетени семејства<br>Слики од посетите |
| 8 | Организирање на информативни кампањи и средби со ромската заедница за подигнување на | -<br>Организирани информативни средби со | -<br>Зголемена информираност на ромската заедница за | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина, Здравствен дом и ромски НВОи | Јануари 2023-Јуни 2024 | 75.600,00 | Во рамки на постоечка програма на Министерство за здравство. | 42.2% од Ромите кои посетиле доктор-специјалист биле дискриминари | - Број на реализирани информативни средби<br>- Број на | Записници<br>Листи на присутни<br>Слики |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | свеста за важноста од вакцинирање од вирусот КОВИД 19 како и спроведување на редовни прегледи и оддржување на соопственото здравје особено во периодот после КОВИД 19 | заедницата на локално ниво<br>- Спроведени теренски посети во ромските населби | оддржување на личното здравје како и важноста од вакцинирање и заштита на колективното здравје | РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | | | | | Додека пак 44.8% биле дискриминирани додека биле хоспотализирани (Извор: РОМАКТЕД Извештај за КОВИД активност 2021) | присутни на средбите<br>- Зголемен број на вакцинирани од КОВИД 19<br>- Број на жени кои учествувале на средбите и добиле соодветна информација | |
| 9 | Обезбедување на приклучок до питка и квалитетна вода за најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови како основен предуслов за | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на водоводна мрежа | - Подобрени санитарните услови и основните услови за живеење на Ромите на локално ниво | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина и Јавно претпријатие за комунална хигиена | Јануари 2023-Јуни 2024 | 110.250,00 | Во рамки на постоечка програма и буџет на ЈКП | 10% Роми немаат пристап до вода во Република Северна Македонија (Извор: Национална Стратегија за Роми 2022-2023) | Број на приклучени социјјално загорзени семејства на водоводна мрежа | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на водоводна мрежа |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | заштита од КОВИД 19 и други заразни заболувања | | | | | | | | | | |
| 10 | Обезбедување на приклучок до фекална канализација на најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови како основен предуслов за заштита од КОВИД 19 и други заразни заболувања | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на главна фекална мрежа | - Подобрени санитарните услови и основните услови за живеење на Ромите на локално ниво | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина и Јавно претпријатие за комунална хигиена | Јануари 2023- Јуни 2024 | 110.250,00 | Во рамки на постоечка програма и буџет на ЈКП | 16% Роми немаат пристап до јавна канализација во Република Северна Македонија (Извор: Национална Стратегија за Роми 2022-2023) | Број на приклучени социјално загорзени семејства на фекална мрежа | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на фекална мрежа |
| 11 | Обезбедување на приклучок до електрична енергија на најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | - Листа на идентификувани семејства<br>- Приклучени семејствата на електрична енергија | - Подобрени основните услови за живеење на Ромите на локално ниво | Национална Стратегија за Роми 2022-2030<br><br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општина и ЕВН | Јануари 2023- Јуни 2024 | 157.500,00 | Во рамки на постоечка Програма на Владата и Локалната самоуправа | 7% Роми немаат пристап до електрична енергија во Република Северна Македонија (Извор: Национална Стратегија за Роми 2022-2023) | Број на приклучени социјално загорзени семејства на електрична енергија | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на електрична енергија |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | како основен предуслов за заштита од КОВИД 19 и други заразни заболувања | | | | | | | | | | |
| 12 | Изготвување на стратегија и акциски план за општината за раководење со ризици и природни непогоди со цел овозможување на стратешки систем за менаџирање на евентуални слични ситуации како КОВИД 19 и ублажување на последиците кон ранливи групи на граѓани како што се Ромите | - Организирани консултативни средби на општинско ниво<br>- Формирана работна група за развивање на стратегијата<br>- Развиена стратегија и акциски план за раководење со ризици | -<br>Подобрен стратешки менаџмент на општините за справување со ризици и природни непогоди | Стратегија за Роми 2022-2030<br>РОМАКТЕД Проценка на потребите на заедницата 2021 | Општината | Јануари 2023-Јуни 2024 | 189.000,00 | РОМАКТЕД Програма | Нема План за Ризик за ранливи групи ниту на национално ниту на локално ниво. Ова произлегува како научена лекција од кризата со пандемијата. | Усвоен План за ризик за ранливи групи на локално ниво во случај на кризи | Усвојување на планот на Совет на општина |

*Овој документ е подготвен во рамките на Проект на УСАИД за инклузија на Ромите имплементиран од Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.*

*Овој документ и дел од активностите утврдени во истиот се изработени согласно меморандумот за разбирање (МзР) потпишан помеѓу Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политика и Општина Кочани во рамките на имплементацијата на програмата ROMACTED Фаза II, заедничка иницијатива на Европската комисија (DG NEAR) и Советот на Европа, спроведувана во Западен Балкан и Турција, 2021-2024 година. Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на Европската унија и Советот на Европа*